Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

# RENAULT QM5








Конечно падна мистеријата која го покриваше новиот SUV модел, кој настана како плод на соработката меѓу "Renault" и гигантот за производство на електроника "Samsung". Новиот модел, кој досега беше познат под името Koleos, и кој ќе се произведува во заедничката фабрика во Јужна Кореја, идниот месец тргнува во освојување на пазарот. За QM5 се вели дека е конструиран од "Nissan", стилизиран во "Renault" и произведен во Јужна Кореја. Шасијата ја донира кросоверот Qashqai и ја краси делумен погон на четири тркала, кој може да испрати 100 проценти од моќноста на задните тркала доколку системот детектира пролизгување, а во нормални услови ги задвижува само предните тркала. QM5 ќе се произведува во фабриката во Busan и ќе биде на располагање со 2,0 литарски турбодизел со 173 кс и моќен бензинец од 2,5 литри земен на заем од "Nissan".

# LOTUS - CONCEPT





"Lotus" ги здружи силите со "Hot Wheels" за да создадат модел на нов родстер во размер 1:5, кој неодамна беше претставен на Салонот за автомобили SEMA во Лас Вегас. Автомобилот е создаден за прославата за 40-годишното постоење на "Hot Wheels", но тој е претходница и на дизајнерските насоки за во иднина, а секако и забава за сите кои работеле на проектот. Дизајнерите сакале да направат нешто што веднаш е препознатливо како Lotus, па така концептот има елементи што можат да се забележат на Elise и на Exige, како што се, предните светла и хаубата со препознатливиот беџ. Отворите за воздух напред, дифузерот назад и големото задно крило обезбедуваат доволно потисок кој го лепи автомобилот за подлогата. Големите странични отвори за воздух и отворениот заден дел му овозможуваат на моторот полесно да дише. Во кабината испакнатиот централен гребен, кој всушност е дел од структурата на шасијата и има улога на 'рбет, ги инкорпорира сите копчиња, како и рачката од менувачот. Концептот е развиен од истиот дизајнерски тим, кој напорно работи на новата генерација модели на Lotus, кои треба да се појават следната година.

## ФЛЕШ ВЕСТИ

### ДО 100 КМ/Ч САМО НА БАТЕРИИ-PORSCHE CAYENNE HYBRID

**Автомобилот ќе користи бензински мотор, кој ќе ја задвижува предната оска, а за задната ќе биде задолжен електричен. Батериите ќе бидеат Ni-Mh, а за нив место има во багажникот. Најинтересно кај автомобилот е тоа што ќе може да вози само на батерии до 100 км/ч! Другото е исто како кај "обичниот" Cayenne. Потрошувачката не треба да биде повисока од 10 литри на 100 км, што за ваков модел е импресивно. Перформансите ќе бидат на ниво на моделот Cayenne S, а цената екстра висока. Но, купувачи ќе има.**


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA"